АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 15-390/2
20.03. 2018 год
СКОПЈЕ

Арх. знак 150 I
Рок на чување трајно
20.03 2018 год.
Потпис,

# ЗАПИСНИК ОД ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ОДРЖАНА НА 05.03.2018

На седницата на Државната изборна комисија свикана од претседателот д-р Кирил Пецаков присуствуваа д-р Гоце Бабоски и д-р Јосиф Ристески. Отсуство најавија д-р Данчо Бизески и д-р Агрон Пашоли.

Претседателот на Државната изборна комисија го предложи следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-дневниот ред на седницата на Државната изборна комисија за ден 05.03.2018 година
2. Барање од РО Штип-Радовиш со број 15-309/1
3. Приговор од д-р Константин Гетов
4. Број на кандидати по регионални одбори
5. Разно

На почетокот на седницата претседателот на Комисијата д-р. Пецаков го прочита Предлог-дневниот ред и го стави на гласање

1,Дневниот ред беше едногласно усвоен.

2.Во однос на втората точка од РО Штип-Радовиш комисијата ја донесе следнава одлука: Централната изборна комисија на СКМ комисијата го одбива бидејќи нема друг кандидат од Радовиш, само еден од предложените пет кој бил предложен на состанокот одржан на 12.02.2018 година. Со тоа би се нарушил изборниот процес и се фаворизира кандидат без разлика на волјата на гласачите. Претставници во Собранието на СКМ ќе бидат оние двајца кои што ќе си остварат најмногу гласови без разлика на регионална застапеност и неповрзано со Вашето барање под точка број 1.

Врз основа на Правилникот на СКМ според бројот на делегати во РО ШТИП-РАДОВИШ важечко ливче ќе биде она што ќе биде заокружено со 1 или 2 кандидата, односно максимален број на заокружени кандидати ќе биде двајца, според бројот на делагати кој РО ШТИП-РАДОВИШ го дававо Собранието на СКМ

3.Приговор од д-р Константин Гетов, кандидат од РО Гевгелија уредно доставил документација за кандидатура во РО Гевгелија кај претседателот на регионалниот

одбор на 12.02.2018 година, но претседателот на РО не ја доставил кандидатурата до ЦИК. Поради тоа комисијата му ја прифаќа кандидатурата на д-р Константин Гетов за кандидат за делегат во Собранието на СКМ.

4.ЦИК според прифатените кандидатури по региони бројот на кандидати е следен:

Центар 7 кандидати, Берово 5 кандидати, Гази Баба 4 кандидати, Охрид 7 кандидати, Куманово 7 кандидати, Кичево 6 кандидати, Кавадарци 6 кандидати, Струга 5 кандидати, Тетово 7 кандидати, Пробиштип 7 кандидати, Гостивар 6 кандидати, Аеродром 4 кандидати, Кочани 7 кандидати, Штип 5 кандидати, Чаир 7 кандидати, Гевгелија 4 кандидати, Карпош 6 кандидати, Струмица 7 кандидати, Битола 7 кандидати, Прилеп 7 кандидати, Кисела Вода 6 кандидати и Велес 7 кандидати.

5.Под точка разно комисијата ја прифати изјавата на д-рТереза Булиќ и и ја прифати кандидатурата. Воедно ЦИК ја повикува почитуваната д-р во иднина кога ќе учествува во во избори и во било кое тело на СКМ добро да го проучи правилникот.

Бидејќи двајца од предложените членови од РО Свети Николе се кандидати за делегати, не можат да бидат и во изборна комисија, поради тоа ЦИК ја назначува д-р Мартина Јордева за член на ИО во РО Свети Николе, останува вториот член да го предложи РО.

За РО Чаир и РО Дебар , ЦИК дополнително ќе назначи по еден еден набљудувач за време на изборниот ден бидејќи членовите на изборната комисија во овие два региони се албанци и не е испочитувана правичната застапеност на националностите.

Исто така комисијата наложи да се изготват решенија поединечно за сите членови во изборната комисија по регионални одбори.

Со тоа се исцрпи дневниот ред и состанокот е завршен.

**Претседател на Државна изборна комисија**

Д-р Кирил Пецаков